РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 04-194/10
23. 01. 2020 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување**
**на административен државен службеник**

1. За извршител на работното место раководител на сектор за финансиска политика со шифра УПР0101Б02000, со звање раководител на сектор, во секторот за финансиска политика, во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, по интерен оглас број 01/2020, од предложената ранг листа се избира кандидатот:
   - **Ирена Јованова Поповска**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на интернет страницата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 14.01.2020 година на интернет страниците на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација беше објавен интерен оглас број 01/2020 година за пополнување на две (2) работни места со унапредување.

На ден 22.01.2020 година, Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение за формирање на комисии за селекција за унапредување на административни државни службеници бр. 04-194/7 од 20.01.2020 година, спроведе административна селекција, за што беше составен Записник од административната селекција за интерен оглас бр. 04-194/8 од 22.01.2020 година, а потоа спроведе интервју во просториите на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, на кое се јави и кандидатот од точка 1 од оваа одлука. За спроведеното интервју е составен Записник од работа на комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-194/9 од 22.01.2020 година, во чиј состав е и ранг листа на најдобро рангирани кандидати и истиот е доставен до секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на Записникот со ранг листата за работното место раководител на сектор за финансиска политика со шифра УПР0101Б02000, со звање раководител на сектор, во секторот за финансиска политика, секретарот Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија изврши избор како во депозитот на оваа одлука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

СЕКРЕТАР
Лила Пејчиновска Миладиновска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива